KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# Ставови и перцепции за војната во Украина (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски



www.kas.de

# Ставови и перцепции за војната во Украина (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски

Скопје, декември 2022

# Импресум

**Наслов:**
Ставови и перцепции за војната во Украина
(Анализа и истражување на јавното мислење)

**Автор:**
Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**Софтверска обработка на податоци:**
Гораст Стојменовски, Институт за политички истражувања (ИПИС) – Скопје

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна корица:**
http://www.freepik.com

**Тираж:**
80 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** **5**

**ПРВ ДЕЛ – СТАВОВИ ЗА ВОЈНАТА ВО УКРАИНА (АНАЛИЗА)** **9**

**ВТОР ДЕЛ – ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ВОЈНАТА ВО УКРАИНА (ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ)** **17**

Методологија....................................................................................................19
Анализа...........................................................................................................20

**ЗАКЛУЧОЦИ** **35**

**ПРИЛОГ** **39**

# Предговор

# Предговор

На 24.2.2022 година Русија ја нападна Украина во рамките на големата ескалација на односите помеѓу двете држави која започна во 2014 година. Оваа воена агресија[1], која е најголемиот воен конфликт на тлото на Европа по завршувањето на Втората светска војна[2], резултира со илјадници загубени човечки животи, како и со милиони бегалци[3].

Агресијата врз Украина наиде на моментална осуда од страна на многу држави во светот – најголем дел од нив членки на НАТО, на ЕУ и/или на Британскиот комонвелт[4], но и на повеќе меѓународни организации, вклучувајќи ги и ОН[5].

Освен вербална осуда, државите што се спротивставија на воената агресија врз Украина преземаа и широки економски и други санкции, како што се забрана за руски авиони да го прелетуваат воздушниот простор на ЕУ, оневозможување на користењето на SWIT системот за банкарско работење за одредени руски банки, забрана за работа на некои руски медиуми итн[6]. Истовремено, беа спроведени и дополнителни форми на санкции кон Русија во областа на бизнисот, спортот, забавата и медиумите[7].

Наспроти санкциите и бојкотот, САД, ЕУ, Велика Британија, Германија и други држави финансираат и испорачуваат и воена опрема за Украина[8].

1 Во овој труд се употребува терминот „воена агресија“, во согласност со дефиницијата на Обединетите нации, според која воената агресија претставува употреба на вооружена сила од страна на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава (види Definition of Aggression, United Nations General Assembly Resolution 3314 (XXIX).
2 Така foreignpolicy.com/2022/02/24/russia-ukraine-war-west-world-war-2/, ноември 2022.
3 Види english.elpais.com/international/2022-03-03/ukrainian-exodus-could-be-europes-biggest-refugee-crisis-since-world-war-ii.html, ноември 2022.
4 Види usatoday.com/story/news/politics/2022/02/24/russia-ukraine-invasion/6920609001/, ноември 2022.
5 Види news.un.org/en/story/2022/10/1129492, ноември 2022.
6 Види bbc.com/news/world-europe-60125659, ноември 2022.
7 Види rferl.org/a/russia-sports-entertainment-ukraine-invasion-bans/31730082.html, ноември 2022.
8 Види bbc.com/news/world-europe-62002218, ноември 2022.

Од друга страна, пак, во други делови во светот, како, на пример, во НР Кина, во Индонезија, во некои арапски региони, како и во Србија и во БиХ, може да се забележат и поинакви конкурентски наративи на поддршка кон Русија во однос на Украина[9].

Целта на овој труд е подетално да ја расветли позицијата на институциите на Северна Македонија, на клучните политички партии и политичари, како и на јавноста во целина за прашањето на воената агресија на Русија врз Украина. Според тоа, во првиот дел од трудот е изложена анализа на ставовите на институциите, на политичките партии, на делови од граѓанското општество и на медиумите, додека во вториот дел е поместено истражување на јавното мислење во кое се прикажани перцепциите на граѓаните во однос на разните аспекти за оваа тема.

Веруваме дека овој труд ќе даде свој придонес во насока на натамошно расветлување на позицијата на државата и општеството во однос на руската воена агресија врз Украина. Истовремено, преку оваа тема се надеваме и дека дополнително се скицира карактерот на македонската надворешна политика и актерите задолжени за нејзината афирмација.

9 Види euractiv.com/section/global-europe/news/battle-of-narratives-imminent-at-un-summit-overshadowed-by-ukraine-war/ и theconversation.com/ukraine-war-serbia-is-shifting-closer-to-russia-heres-why-192472, ноември 2022.

1

# Ставови за војната во Украина (Анализа)

# Прв дел

## Ставови за војната во Украина (Анализа)

На 24.2.2022 година, денот кога започна воената агресија на Русија врз Украина, почнаа да се исцртуваат и ставовите на клучните политички и општествени фактори во однос на ова прашање во државата.

Во продолжение, во согласност со целите на овој труд, следува осврт на позициите на Владата, најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, Претседателот на државата, Собранието, како и на делови од граѓанското општество и медиумите.

### Позициите на Владата

На денот кога започна воената агресија на Русија врз Украина, Владата ги исцрта позициите на Северна Македонија во однос на оваа тема.

Во согласност со позициите на државите членки на ЕУ и на НАТО, премиерот Димитар Ковачевски го осудува чинот на руската воена агресија од страна на Русија врз Украина[10]. Дополнително, истиот ден за време на средбата со амбасадорката на Украина во Северна Македонија, Ковачевски натамошно го скицира ставот на државата оценувајќи дека Русија го крши меѓународното право; дека Северна Македонија го поддржува суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во меѓународно признатите граници и дека агресијата врз Украина е закана за мирот во Европа и светот[11].

Со развојот на состојбите во Украина во месеците што следуваат, дополнително се расветлуваат позициите и активностите на Владата и тие може да се поделат во осум главни точки:

10 Види vlada.mk/node/27890, ноември 2022.
11 Види vlada.mk/node/27893, ноември 2022.

- **Прво**, заложби за помош и згрижување на граѓаните од Украина кои како бегалци од воените жаришта би пристигнале во нашата земја[12];
- **Второ**, заложби за координиран пристап со државите членки на НАТО во однос на прашањето на руската воена агресија врз Украина[13];
- **Трето**, заложби за сузбивање на дезинформациите и лажните вести кои се оценети како „вистинска закана за демократските процеси во Европа и на Западен Балкан[14]";
- **Четврто**, најава за борба против националистичките и популистичките наративи за кои се смета дека „дополнително се мултиплицираат заради влошената безбедносна и геополитичка ситуација на европскиот континент[15]";
- **Петто**, најава за воведување економски санкции кон Русија како дел од координираниот пристап со другите држави членки на НАТО и на ЕУ[16];
- **Шесто**, најава за давање помош во оружје и воена опрема за Украина како дел од координираниот пристап со другите држави членки на НАТО и на ЕУ[17];
- **Седмо**, барање за непречен почеток на преговорите за членство на Северна Македонија со ЕУ затоа што се смета дека „во отсуство на кредибилна европска и евроатлантска перспектива се јавуваат повеќекратни негативни тенденции за злонамерно влијание на трети страни и се намалува довербата на граѓаните во Унијата[18]";
- **Осмо**, симболички гестови на поддршка преку посета на владини претставници на Киев и/или средби со официјални лица на Украина[19].

## Позициите на ВМРО-ДПМНЕ

Во контекст на позициите на Владата, на денот кога започна воената агресија на Русија врз Украина, и најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ го

12 Види vlada.mk/node/28137, ноември 2022.
13 Види vlada.mk/node/28238, ноември 2022.
14 Види, оп.цит.
15 Ибид.
16 Види vicepremier-ekonomija.gov.mk/?q=en/node/1515, ноември 2022.
17 Види lokalno.mk/petrovska-poseduvame-voena-oprema-shto-ke-ja-ispratime-na-ukraina/, ноември 2022.
18 Види vlada.mk/node/28395, ноември 2022.
19 Види mfa.gov.mk/mk/page/8/post/2974/od-denes-povtorno-e-otvorena-i-vo-funkcija-ambasadata-na-severna-makedonija-vo-kiev, ноември 2022.

соопштува својот став[20]. Позициите на оваа партија, како и тие на Владата, може да се оцени дека се комплементарни со стратешките интереси на државата кои произлегуваат од нејзиното членство во НАТО.

Ставот на ВМРО-ДПМНЕ во врска со војната во Украина се темели на три столба:

» **Прво**, дека „Партијата, во согласност со своите идеолошки, програмски и стратегиски уверувања и дејствувања, во целост ги поддржува ставовите на партиите од Европската народна партија во врска со ескалацијата на конфликтот помеѓу Украина и Руската Федерација[21]";

» **Второ**, дека „за ВМРО-ДПМНЕ почитувањето на нормите на меѓународното право чиј носечки дел се територијалниот суверенитет, интегритет и независност на Украина се фундаментално важни[22]";

» **Трето**, дека „ВМРО-ДПМНЕ, како во минатото така и сега, но и во иднина, во целост ги поддржува ставовите на НАТО во однос на предизвиците со кои се соочува светот денес[23]".

Освен јавно декларираните позиции на оваа партија, во првите денови по почетокот на воената агресија, но и подоцна со свои ставови излегуваат и повеќе актуелни функционери, почнувајќи од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски[24], потпретседателот на партијата, Александар Николоски[25], пратеникот и претседател на Комисијата за надворешна политика во Собранието, Антонијо Милошоски[26], членот на раководството на оваа партија задолжен за меѓународна соработка, Владимир Ѓорчев[27], функционерот ВМРО-ДПМНЕ и градоначалник на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски[28] итн.

---

20 Види 360stepeni.mk/vmro-dpmne-vo-tselost-go-poddrzhuvame-stavot-na-nato-za-konfliktot-megu-ukraina-i-rusija/, ноември 2022.
21 Види, оп.цит.
22 Ибид.
23 Ибид.
24 Види meta.mk/mickoski-teritorijalniot-integritet-na-ukraina-mora-da-se-pochituva-site-prashanja-da-se-reshat-po-diplomatski-pat/, ноември 2022.
25 Види mkd.mk/makedonija/politika/nikoloski-osporuvanjeto-na-makedonskata-i-ukrainskata-nacija-i-jazik-ima-mnogu, ноември 2022.
26 Види lokalno.mk/miloshoski-go-poddrzhuva-teritorijalniot-integritet-na-ukraina/, ноември 2022.
27 Види twitter.com/vladimirgjorcev?lang=en, ноември 2022.
28 Види 360stepeni.mk/mutsunski-strukturi-na-vlasta-vo-zemjava-so-drzhavni-sredstva-finansiraat-proruski-mediumi/, ноември 2022.

## Позициите на Претседателот на државата

На 24.2.2022 година, денот кога започна руската воена агресија врз Украина, и претседателот Пендаровски ги исцрта позициите на оваа гранка од извршната власт во чиј главен делокруг се и прашањата на надворешните работи и одбраната.

Претседателот Пендаровски изразува осуда на воените дејствија на Русија врз Украина, се заложува за почитување на територијалниот интегритет на оваа држава и се приклучува кон позициите на НАТО во однос на оваа тема[29].

Во периодот што следува, Пендаровски дополнително го исцртува ставот за оваа тема кој е комплементарен со ставовите на државите членки на НАТО, во рамките на седницата на Советот за безбедност[30], на меѓународни состаноци[31], на средби со официјални претставници на Украина[32], како и при други соодветни прилики[33].

## Позициите на Собранието

Во контекст на позициите на Владата, на ВМРО-ДПМНЕ, како и на претседателот на државата, и Собранието како носител на законодавната власт презема активности со кои натамошно се расветлува позицијата на државата во однос на воената агресија на Русија врз Украина. Во оваа смисла, посебно значајни се две настана:

- **Прво**, усвојувањето на собраниската декларација за Украина, на 3.3.2022[34];
- **Второ**, посетата на Претседателот на Собранието, Талат Џафери на Киев, на 28.4.2022[35].

„Декларацијата за осуда на воените напади кои го загрозуваат територијалниот интегритет и суверенитет на Украина“ беше усвоена со големо мнозинство од 100 гласа „за“, три „против“ и еден „воздржан“ пратеник.

29 Види pretsedatel.mk/stav_24022022/, ноември 2022.
30 Види pretsedatel.mk/sb_2402022/, ноември 2022.
31 Види pretsedatel.mk/virtuelen_nato_samit_ukraina/, ноември 2022.
32 Види pretsedatel.mk/sredba_dmitri_kuleba_davos/, ноември 2022.
33 Види pretsedatel.mk/razgovor-zelenska-26-08-2022/, ноември 2022.
34 Види sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=1e3726cd-fe0f-4ffa-af2f-86b15cfdb9ea, ноември 2022.
35 Види slobodnaevropa.mk/a/32099463.html, ноември 2022.

Овој документ се состои од осум точки и со него Собранието:

- **Прво**, ги осудува воените напади врз Украина и
- **Второ**, бара од надлежните институции да бидат во тесна координација со државите членки на НАТО и на ЕУ за да се поддржат дипломатските напори за итен и безусловен прекин на воените дејствија.

Од аспект на политичката стратификација, овој документ:

- **Прво, беше поддржан** од партиите од владејачкото мнозинство, односно СДСМ, ДУИ и нивните помали коалициски партнери, како што се ЛДП и ДОМ кои се предлагачи на овој документ; од пратениците на најголемата опозициска партија во Собранието, ВМРО-ДПМНЕ; од другите пратеници во Собранието чии партии примарно им се обраќаат на Албанците, односно Алијанса за Албанците, БЕСА и ДПА.
- **Второ, не беше поддржан** од пратениците на партијата Левица и на Демократската партија на Србите во Македонија (ДПСМ).

## Позициите на дел од граѓанското општество и медиумите

Во деновите кога започна руската воена агресија врз Украина и делови од граѓанското општество преземаат активности со кои се гради наративот за оваа тема во земјата. Главни предводници се здруженија на Украинците во Северна Македонија, а нивните активности се состојат главно во протести во главниот град на државата, организирање  хуманитарни акции, како и во средби со носители на високи државни функции.

Во изминатите 9 месеци медиумите известуваат за најмалку четири вакви протести, во февруари[36], во март[37], во јуни[38] и во октомври[39], на кои се испраќаат пораки на осуда на руската воена агресија, како и заложби за прекин на војната во Украина.

И медиумите се позиционираат во однос на руската воена агресија врз Украина во согласност со карактерот на својата работа. На почетокот од овој

---

36 Види mk.voanews.com/a/voa-ukrainski-protest-vo-skopje/6459435.html, ноември 2022.
37 Види slobodnaevropa.mk/a/31737793.html, ноември 2022.
38 Види mk.voanews.com/a/6614239.html, ноември 2022.
39 Види fokus.mk/protest-na-zdruzhenieto-lejsa-ukraina-pred-ruskata-ambasada-vo-zemjava/, ноември 2022.

конфликт, преку струковите новинарски здруженија беше испратен повик при известувањето на медиумите „максимално да се почитува кодексот на новинарите“, односно:

- **Прво**, да не се „шират шпекулации и невистини“;
- **Второ**, „да не се објавуваат снимки од повредени или загинати лица поради сензитивноста на таквите вести“;
- **Трето**, апел до граѓаните доколку забележат непрофесионално новинарско известување во однос на темата да реагираат до овие здруженија.

* * *

Македонското општество реагира многу брзо во однос на руската воена агресија врз Украина. Имено, институциите на Северна Македонија изразуваат силна осуда и со текот на настаните во согласност со позициите на другите држави членки на НАТО преземаат соодветни чекори во таа насока. Најголемиот дел од политичките партии од власта и од опозицијата, пак, како и делови од граѓанското општество и медиумите заземаат комплементарен став со институциите на државата, дополнително зајакнувајќи го наративот за оваа тема.

# 2

# Перцепции за војната во Украина (Истражување на јавното мислење)

# Втор дел

# Перцепции за војната во Украина (Истражување на јавното мислење)

## Методологија

Кон средината на ноември 2022 година за потребите на овој труд е спроведено сеопфатно истражување на јавното мислење од страна на ИПИС[40].

Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика.

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање податоци (преку телефонска анкета), што овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација.

За спроведување на анкетата е применет т.н. *CATI метод* и т.н. *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии заедно).

За време на интервјуата, со цел да се постигне високо ниво на доверба, е користен моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето. За испитаниците, пак, чиј мајчин јазик не е македонскиот беа ангажирани анкетари што ги говорат јазиците на другите заедници во државата, со цел да се избегне евентуална јазична бариера при комуникацијата.

Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи помеѓу 30 % и 60 %, за ова истражување респонзивноста изнесува 45 % од побараните соговорници.

Маргиналната грешка се движи помеѓу +/- 2,9 % со 95 % интервал на веродостојност.

40 Види ipis.org.mk, ноември 2022.

## Анализа

Истражувањето има за цел преку утврдување на перцепциите на граѓаните да ги расветли ставовите на општеството во врска со руската воена агресија врз Украина.

Прашалникот се состои од контролно прашање и главни прашања. Со првото, контролно прашање беше утрвдуван степенот на информираност на испитаниците за војната во Украина, при што анкетата беше спроведувана само со оние испитаници кои одговорија потврдно на првото прашање.

Главните прашања од анкетата може да се поделат во четири групи:

- **Во првата група** се поместени прашања од општ карактер и со нив се утврдуваат ставовите на испитаниците во врска со прашањето на вината, на мотивите и на ефектите на војната во Украина;
- **Во втората група** се поместени прашања што се однесуваат на економските санкции врз Русија, како и на помошта во оружје и опрема за Украина;
- **Во третата група** се поместени прашања што се однесуваат на ефектите кои војната во Украина ги предизвикува врз животниот стандард на граѓаните на Северна Македонија;
- **Во четвртата група** се поместени прашања од сумарен карактер што се однесуваат на должината на војната во Украина, на нејзиниот исход, како и на последиците што таа ќе ги остави врз светот во целина.

Големината на примерокот изнесува 1121 испитаник, со почитување на:

- **Прво**, клучните демографски карактеристики, односно пол, возраст над 18 години, образование и етничка припадност[41];
- **Второ**, географска избалансираност[42];
- **Трето**, партиско-политичка афилијација на испитаниците[43].

41 Види прилог.
42 Види, оп.цит.
43 Ибид.

## Одговорност, мотиви и ефекти

Со првото прашање беа испитувани ставовите на испитаниците за тоа каде ја лоцираат одговорноста за избувнувањето на војната во Украина (види табела број 1). Така, 21,9 % сметаат дека одговорноста е исклучиво на Русија, 4,1 % сметаат дека одговорноста лежи во Украина, додека 16,8 % сметаат дека подеднакво се одговорни и Русија и Украина. Исто така, 19,4 % од испитаниците не можат да утврдат кој е виновен, додека 37,8 % сметаат дека тоа е некој друг.

***Табела број 1***




Следното прашање натамошно го скицира ставот на испитаниците во врска со природата на војната во Украина (види табела број 2).

На прашањето: „Дали имате разбирање за мотивите на Русија да отпочне воени дејствија во Украина", 55,2 % од испитаниците одговориле дека немаат разбирање, наспроти 27,4 % кои одговориле дека имаат разбирање. Споредбата на одговорите упатува на заклучокот дека за два пати е поголем бројот на испитаниците што се изјасниле дека немаат разбирање за мотивите на Русија да изврши воена агресија врз Украина во однос на оние кои изјавиле дека ги разбираат мотивите на Русија за оваа постапка.

***Табела број 2***




Во врска со прашањето за одговорноста за избувнувањето на војната во Украина, доколку се вкрстат одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација, испитаниците може да се поделат во две групи (види табела број 3):

- » **Во првата група** влегуваат испитаниците што не ја оправдуваат воената агресија на Русија врз Украина, при што највисоко ниво на неодобрување има кај симпатизерите на ДУИ (64,3 %), по што следуваат симпатизерите на АА (61,85 %), па на СДСМ (55,8 %), на Алтернатива (53,3 %), на ВМРО-ДПМНЕ (52,6 %) и на БЕСА (44,4 %);
- » **Во втората група** влегуваат оние испитаници што ја оправдуваат воената агресија на Русија врз Украина, при што највисоко ниво на одобрување има кај симпатизерите на партијата Левица (56,1 %).

Одговорите на ова прашање упатуваат на заклучокот дека има целосно поклопување на перцепциите на испитаниците според нивната партиската афилијација со јавно прокламираните позиции на партиите и нивните раководства кои беа опишани во првиот дел од истражувањето.

***Табела број 3***




Следното прашање од овој дел се однесува на личните чувства што избувнувањето на војната во Украина ги предизвикало врз испитаниците (види табела број 4). Така, високи 88,4 % од испитаниците одговориле дека војната во Украина предизвикува негативни чувства, односно страв, шок, неверување, тага, гнев итн. наспроти 3, 4 % кои имале позитивни чувства, односно восхит, задоволство, среќа итн.

***Табела број 4***




Последното прашање од овој дел се однесува на перцепциите на испитаниците во однос на нивото на личната и заедничката безбедност (види табела број 5). Така, високи 49,5 % изјавиле дека состојбите во Украина имаат негативно влијание врз нивната лична безбедност и врз безбедноста на државата, наспроти 35,1 % кои одговориле дека овие состојби немаат влијание.

***Табела број 5***



## Санкции и воена помош

Вториот дел од истражувањето се однесува на чекорите што ги преземаат институциите на Северна Македонија како одговор на руската воена агресија врз Украина. Така, 61,2 % од испитаниците изјавиле дека не ја оправдуваат помошта во оружје и опрема што Северна Македонија ѝ ја дава на Украина, додека 26,1 % изјавиле дека ја оправдуваат помошта (види табела број 6). Во врска со економските санкции на нашата држава врз Русија 61,6 % изјавиле дека нив не ги оправдуваат, додека 22,5 % изјавиле дека ги оправдуваат (види табела број 7).

Споредбата на одговорите од првиот дел на ова истражување со одговорите од овој дел упатува на заклучокот дека граѓаните ја осудуваат руската воена агресија врз Украина, но покажуваат резервираност во врска со вмешувањето на Северна Македонија преку помош во оружје и опрема за Украина, како и преку економски санкции врз Русија.

***Табела број 6***




Во врска со чекорите што ги преземаат институциите на Северна Македонија како одговор на руската воена агресија, доколку се вкрстат одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација, испитаниците се стратифицираат во две групи (види табела број 7 и табела број 8):

- **Во првата група влегуваат оние испитаници што ја поддржуваат помошта во оружје за Украина и економските санкции врз Русија**, при што највисоко ниво на оправдување има кај:
  - Симпатизерите на Алтернатива, со 80 % поддршка за помошта во оружје и 80 % поддршка за економските санкции, по што следуваат;
  - Симпатизерите на ДУИ, со 57,1 % поддршка за помошта во оружје и 58,6 % поддршка за економските санкции;
  - Симпатизерите на АА, со 58,8 % поддршка за помошта во оружје и 52,9 % поддршка за економските санкции;
  - Симпатизерите на БЕСА, со 51,9 % поддршка на помошта во оружје и 40,7 % поддршка на економските санкции.
- **Во втората група влегуваат оние испитаници што се противат на помошта во оружје за Украина и економските санкции врз Русија**, при што највисоко ниво на противење има кај:
  - Симпатизерите на партијата Левица, со 90 % против помошта во оружје и 95 % против за економските санкции, по што следуваат;
  - Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, со 77 % против помошта во оружје и 76 % против економските санкции;
  - Симпатизерите на СДСМ, со 53,7 % против помошта во оружје и 51 % против економските санкции.

### *Табела број 7*



***Табела број 8***




## Влијание врз животниот стандард на граѓаните

Следната група на прашања се однесува на ефектите што војната во Украина ги предизвикува врз животниот стандард на граѓаните (види табела број 9). Така, високи 63,9 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина има големо влијание врз зголемените цени на електричната енергија во земјата, наспроти 13,2 % кои сметаат дека нема влијание, односно има многу мало влијание. Исто така, високи 69,2 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина

има големо влијание врз зголемените цени на горивата во земјата, наспроти 12,9 % кои сметаат дека нема влијание, односно има многу мало влијание. Во оваа смисла, високи 66,6 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина има големо влијание и врз зголемените цени на прехранбените производи во земјата, наспроти 14,6 % кои сметаат дека нема влијание, односно има многу мало влијание. Конечно, високи 67,6 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина има големо влијание врз инфлацијата во земјата, наспроти 14,6 % кои сметаат дека нема влијание, односно има многу мало влијание.

***Табела број 9***




## Исход

Последната група на прашања се однесува на разврската на војната во Украина, како и на нејзиното влијание врз состојбите во светот.

Во однос на тоа уште колку ќе трае војната во Украина, забележлива е голема поделеност помеѓу испитаниците, при што 26,6 % сметаат дека војната ќе трае повеќе години, 21,9 % до една година, додека 16,1 % уште неколку месеци (види табела број 10).

***Табела број 10***




Следното прашање се однесува на исходот од војната во Украина (види табела број 11). Така, 34,5 % од испитаниците изјавиле дека војната во Украина ќе заврши со отстапување на дел од територијата на Украина на Русија, што претставува најголема група; 15,3 % со целосна воена победа на Русија; 10,1 % со целосно повлекување на Русија од Украина и 8,1 % со целосна воена победа на Украина. Во оваа смисла, 29,7 % од испитаниците немале одговор на ова прашање.

*Табела број 11*




Во врска со ова прашање, доколку се вкрстат одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација, може да се забележи дека кај сите испитаници од сите политички партии најчестиот одговор е дека војната ќе заврши со отастапување на дел од териториите на Украина на Русија (види табела број 12)

***Табела број 12***




Последното прашање во анкетата се однесува на ефектите што војната во Украина ќе ги има врз стабилноста на меѓународниот поредок (види табела број 13). Во оваа смисла, високи 55,6 % од испитаниците сметаат дека поради војната во Украина во иднина светот ќе се соочува со поголема нестабилност и со повеќе воени конфликти,  наспроти 20,5 % кои сметаат дека состојбите нема да се променат. Вкупно земено за повеќе од два пати е побројна групата која мисли дека светот влегува во период на поголема нестабилност и неизвесност.

*Табела број 13*




Во врска со ова прашање, доколку се вкрстат одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација, може да се заклучи дека кај сите испитаници, независно од тоа на која партија се симпатизери, најчестиот одговор е дека војната во Украина ќе биде причина светот во иднина да се соочува со многу повеќе нестабилност и воени конфликти (види табела број 14).

***Табела број 14***



# Заклучоци

# Заклучоци

- **55,2 % од испитаниците немаат разбирање за мотивите на Русија да отпочне воени дејствија во Украина,** наспроти 27,4 % кои одговориле дека имаат разбирање. Со вкрстување на одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација се диференцираат две групи. Во првата група влегуваат испитаниците што не ја оправдуваат воената агресија на Русија врз Украина, при што **највисоко ниво на неодобрување на руската воена агресија врз Украина има кај симпатизерите на ДУИ (64,3 %), по што следуваат симпатизерите на АА (61,85 %), на СДСМ (55,8 %), на Алтернатива (53,3 %), на ВМРО-ДПМНЕ (52,6 %) и на БЕСА (44,4 %)**. Во втората група, пак, влегуваат оние испитаници што ја оправдуваат воената агресија на Русија врз Украина, при што **највисоко ниво на одобрување на руската воена агресија врз Украина има кај симпатизерите на партијата Левица (56,1 %)**;
- **21,9 % од испитаниците сметаат дека одговорноста за избувнувањето на војната во Украина е исклучиво на Русија, 4,1 % сметаат дека одговорноста лежи во самата Украина,** додека 16,8 % сметаат дека подеднакво се одговорни и Русија и Украина. Исто така, 19,4 % од испитаниците не можат да утврдат кој е виновен, додека 37,8 % сметаат дека тоа е некој друг;
- **88,4 % од испитаниците одговориле дека војната во Украина им предизвикала негативни чувства, односно чувство на страв, шок, неверување, тага, гнев итн**.;
- **49,5 % од испитаниците изјавиле дека поради војната во Украина нивната лична безбедност и безбедноста на државата е влошена**;
- **61,2 % од испитаниците изјавиле дека не ја оправдуваат помошта во оружје и опрема што Северна Македонија ѝ ја дава на Украина**. Исто така, **61,6 % од испитаниците изјавиле дека не ги оправдуваат економските санкции на Северна Македонија врз Русија**. Споредбата на одговорите од првиот дел со одговорите од овој дел упатува на заклучокот дека **граѓаните ја осудуваат руската воена агресија врз Украина, но покажуваат резервираност во врска со вмешувањето на Северна Македонија преку помош во оружје и опрема за Украина, како и преку економски санкции врз Русија;**
- **63,9 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина има големо влијание врз зголемените цени на електричната енергија, 69,2 % врз**

**зголемените цени на горивата во земјата, 66,6 % врз зголемените цени на прехранбените производи, а 67,6 % од испитаниците сметаат дека војната во Украина има големо влијание врз нивото на инфлација во Северна Македонија**;

- Во однос на тоа уште колку ќе трае војната во Украина, **забележлива е голема поделеност помеѓу испитаниците, при што 26,6 % сметаат дека војната ќе трае повеќе години, 21,9 % до една година, додека 16,1 % уште неколку месеци**;
- **34,5 % од испитаниците изјавиле дека војната во Украина ќе заврши со отстапување на дел од територијата на Украина на Русија, што претставува најголемата група**; 15,3 % со целосна воена победа на Русија; 10,1 % со целосно повлекување на Русија од Украина и 8,1 % со целосна воена победа на Украина. Во оваа смисла, 29,7 % од испитаниците немале одговор на ова прашање. Со вкрстување на одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација, може да се забележи дека **кај сите испитаници од сите политички партии најчестиот одговор е дека војната ќе заврши со отастапување на дел од териториите на Украина на Русија**;
- **55,6 % од испитаниците сметаат дека поради војната во Украина во иднина светот ќе се соочува со поголема нестабилност и со повеќе воени конфликти,** наспроти 20,5 % кои сметаат дека состојбите нема да се променат. Со вкрстување на одговорите на испитаниците со нивната партиска афилијација може да се заклучи дека **кај сите испитаници, независно од тоа на која партија се симпатизери, најчестиот одговор е дека војната во Украина ќе биде причина светот во иднина да се соочува со многу повеќе нестабилност и воени конфликти.**

# Прилог

# Прилог

## Политичка афилијација и демографски карактеристики







Возраст
над 60 години
од 50 до 59 години
од 40 до 49 години
од 30 до 39 години
до 29 години
24,9 %
21,5 %
19,3 %
17,4 %
16,9 %


Образование
6,0 %
13,7 %
56,7 %
23,6 %
до основно
основно
средно
вишо и високо


Регион
7,0 %
9,5 %
10,0 %
8,7 %
12,4 %
16,0 %
7,0 %
29,3 %
Вардарски Регион
Источен Регион
Југозападен Регион
Југоисточен Регион
Пелагониски Регион
Полошки Регион
Североисточен Регион
Скопски Регион

Anticipating the reflection of the Russian military aggression in Ukraine on the overall security, political and economic conditions, the Konrad Adenauer Foundation issued the publication: “Attitudes and Perceptions about the War in Ukraine (Analysis and Public Opinion Survey)”.

The publication is composed of a theoretical analysis and a public opinion survey, aiming to shed light on the position of the institutions of North Macedonia, the key political parties and politicians, as well as the public in general regarding this topic.

**The main questions of the survey can be divided into four groups:**

1. **In the first group**, questions of a general nature have been inserted to determine the attitudes of the respondents regarding the issue of guilt, motives and effects of the war in Ukraine;
2. **In the second group**, questions related to economic sanctions against Russia, as well as aid in weapons and equipment for Ukraine, have been inserted;
3. **In the third group**, questions related to the effects of the war in Ukraine on the standard of living of the citizens of North Macedonia have been inserted;
4. **In the fourth group**, summary questions have been inserted that refer to the duration of the war in Ukraine, its outcome, as well as the consequences it will leave on the world as a whole.

ISBN 978-608-4648-76-5